**20161293221**

## АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 24 став (1) алинеја 3, а во врска со член 84 став (7) од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија" бр. 39/2014, 188/2014, 44/2015 и 193/2015), директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 27 јуни 2016 година, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СОДРЖИНАТА И ИНФОРМАЦИИТЕ ШТО ТРЕБА ДА БИДАТ ОБЈАВЕНИ ВО РЕФЕРЕНТНАТА ПОНУДА ЗА ИНТЕРКОНЕКЦИЈА

Член 1

Во Правилникот за содржината и информациите што треба да бидат објавени во референтната понуда за интерконекција ("Службен весник на Република Македонија" број 42/2015), во член 4 точката в) се менува и гласи:

„в) протоколи кои што ќе се користат за пренос на говорот и сигнализацијата на интерфејсите за IP интерконектирање, при што за протокол за сигнализација за говорни услуги кај јавните електронски комуникациски мрежи треба да се користи SIP протокол, а за интерконекција на јавни мобилни електронски комуникациски мрежи може да се користи и SIP-I протокол, доколку двете страни се согласни. За протокол за сигнализација за SMS пораки треба да се користи MAP преку SIGTRAN (M3UA/SCTP/IP), односно може да се користи SIGTRAN (M2PA/SCTP/IP) доколку двете страни се согласни;"

Член 2

Во член 6, точката а) се менува и гласи:

„а) услуга за интерконекција за завршување на повик на фиксни локации или мобилна мрежа и терминација на SMS пораки во мобилни електронски комуникациски мрежи;"

Член 3

Во член 7 се додава нов став (4) кој гласи:

„(4) Преку услугата за интерконекција за завршување на SMS пораки операторот обезбедува преземање и пренос на SMS пораки од точката за интерконекција до корисникот во мобилната мрежа на Операторот. Операторот обезбедува терминација на SMS пораки од интерконекциската точка до мрежата на друг Оператор, само доколку другиот Оператор ја користи интерконекциската точка на Операторот за негова национална/интернационална интерконекција."

Член 4

Членот 39 се менува и гласи:

„(1) Операторите треба да бидат IP интерконектирани со точките за интерконекција на јавната фиксна електронска комуникациска мрежа на Македонски Телеком АД Скопје, најдоцна до 1 јули 2017 година.

(2) Сите оператори треба да бидат IP интерконектирани помеѓу себе, најдоцна до 1 јануари 2018 година, освен со јавната фиксна мрежа на Македонски Телеком АД Скопје за која важи рокот од ставот (1) на овој член."

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото објавување во „Службен весник на Република Македонија“.

По влегувањето во сила овој правилник ќе биде објавен на веб страната на Агенцијата за електронски комуникации.

Бр. 0201-1873/5
27 јуни 2016 година
Скопје

Директор,
**Сашо Димитријоски**, с.р.